**СОУ „Јане Сандански“ - Струмица**



# ***Брошура за родители***

Септември, 2016 година




# Предговор

Почитувани родители,

Овој прирачник ќе Ви одговори на голем број прашања или ќе Ве упати каде можете да го најдете вистинскиот одговор.

Како родител Вие имате право да знаете се за училиштето во кое учи Вашето дете.

Се надеваме дека оваа Брошура ќе ги исполни Вашите очекувања и ќе Ви помогне да бидете поуспешни во соработката со училиштето.

Ако традицијата за успех е наше мото и наш двигател низ минатото, сегашноста и иднината, тогаш разбирлива е нашата определба да останеме на линијата што го означува нагорниот резултат.

Во чекор со промените што секојдневно го одбележуваат образовниот процес успеваме да избалансираме и како краен резултат продуцираме ученици подготвени за сите предизвици на живеењето.

Приоритет во нашето работење е ученикот и неговата личност кој во соработка со наставниот кадар и педагошко-психолошката служба ги изнаоѓа вистинските вредности.

Секојдневните успеси што подеднакво ги носат и учениците и наставниците, како во државата така и надвор од неа, ни дозволуваат да констатираме дека СОУ „Јане Сандански“ беше, е и ќе биде училиште со традиција за успех.

Директор,

Стручен тим

## С о д р ж и н а

1. Која е Мисијата и Визијата на училиштето?
2. Со што е опремено училиштето?
3. Што е значајно за средното образование?
4. Кога започнува и колку трае учебната и наставната година?
5. Што е значајно за воспитно-образовната работа на училиштето?
6. Што е наставен план, а што наставна програма?
7. Што претставува наставата и какви видови настава постојат?
8. Што се тоа задолжителни предмети?
9. Што претставуваат изборните предмети?
10. Која е функцијата на проектните активности?
11. Што претставува дополнителната настава?
12. Што претставува додатната настава?
13. Што е Државна матура и завршен испит?
14. Како се грижиме за заштита и унапредување на здравјето и културата на живеењето на учениците?
15. Што се тоа слободни ученички активности?
16. Постојат ли ученички екскурзии?
17. Дали училиштето има Училишна заедница?
18. Каков е распоредот на часови во претпладневна и попладневна смена?
19. Што е важно за учениците?
20. Што се оценува и како се оценува?
21. Како се утврдува општиот успех на ученикот?
22. Какви испити може да полагаат учениците?
23. Што можете да направите доколку не сте задоволни од оценката по некој наставен предмет?
24. Какво може да биде поведението на учениците?
25. Дали ученикот може побрзо да напредува?
26. Дали постојат пофалби и награди?
27. Што е тоа педагошка мерка?
28. Што треба да се направи со изостаноците?
29. Која е улогата на наставниот кадар и стручните соработници?
30. Што претставува педагошката евиденција и документација?
31. Кој управува, а кој раководи со училиштето?
32. Кои се стручни органи и тела?
33. Кој и какви инфо. може да ми даде за учил. и за моето дете во него?
34. Кому да му се обратам ако имам забелешки за работата на училиштето?
35. Што се плаќа, а што не се плаќа во училиштето?
36. Која е постапката за премин на ученик од едно во друго училиште, паралелка или друг вид на образование?
37. Кој врши надзор на работата на училиштето?
38. Што е нострификација, а што еквиваленција?
39. Кои се педагошките документи?
40. Неколку важни правила за однесувањето на учениците во училиштето?
41. Прилози

# Која е Мисијата и Визијата на училиштето?




**Мисија**
Слоган: БЕВМЕ, СМЕ И ЌЕ БИДЕМЕ УЧИЛИШТЕ СО ТРАДИЦИЈА ЗА УСПЕХ И МЕЃУЕТНИЧКО РАЗБИРАЊЕ

СОУ „Јане Сандански“ како свој приоритет го има создавањето квалитетен кадар кој вистински ќе се вклопи во современото општество и достојно ќе го презентира училиштето преку сопствениот успех при понатамошното школување во високо-образовните институции во државата и надвор од неа. Интеракцијата и меѓуетничкиот дијалог се нашата силна страна во промовирањето на различностите, толеранцијата и взаемната почит.

Создавањето квалитетен кадар како и поткревањето на свеста за различноста ќе се реализира преку најсовремени интерактивни методи, со користење современи образовни технологии, развивање на свеста за правата и одговорноста, негување на меѓусебното разбирање и почитување и сето тоа под водство на квалитетни стручни кадри кои се подготвени низ работилници, културни и спортски настани да допринесат за почитување на различностите. Обучуваме млади луѓе подготвени како за меѓуетнички дијалог и соработка, така и за впуштање во костец со предизвиците на секојдневниот живот во едно продуктивно и динамично општество.

**Визија**

Да се има визија
Значи да се гледа напред
Да се гледа напред
Значи чекор до иднината

Сакаме нашето училиште да стане лидер во образување кадри од гимназиското образование и економската струка во југоисточна Македонија и добро организирана, материјално - технички опремена и кадровски солидно екипирана образовна установа во која меѓуетничката соработка ќе им обезбеди еднакви услови за напредување на припадниците од сите етникуми.

Да биде безбедна и дисциплинирана средина во која учениците ќе доаѓаат со задоволство за да се стекнат со солидно образование, но и да ги прошират своите духовни хоризонти. Наставата во него да биде современа, ефикасна, квалитетна и прилагодена на потребите и интересите на учениците, наставниците и локалната средина. Учениците од економската струка да бидат доволно едуцирани и практично оспособени за вклучување во процесот на трудот.

Сите капацитети, човечки и материјални, ги насочуваме нашето училиште да стане многу посакуваниот „ Втор дом “ за секој ученик.

**СЛОГАНИ:**

БИДЕТЕ ДЕЛ ОД ИСТОРИЈАТА НА ИДНИНАТА!!!

СО СИГУРЕН ЧЕКОР ВО НОВОТО ВРЕМЕ!

УЧИМЕ КАКО ДА МИСЛИМЕ, А НЕ ШТО ДА МИСЛИМЕ!!!

СЕ ОБРАЗУВАМЕ ЗА ДА РАЗМИСЛУВАМЕ!!!

УСПЕХОТ И МЕЃУЕТНИЧКОТО РАЗБИРАЊЕ СЕ НАША ТРАДИЦИЈА!

НИЕ СМЕ УЧИЛИШТЕ - МАГНЕТ ЗА НАГРАДИ!

УЧИМЕ И ВО ДАЛЕЧИНА!

**Лична карта на училиштето**

Воспитно - образовната работа во нашето училиште се остварува преку програмите за:

1. **гимназиско образование**, со подрачјата:
    - ➢ општествено - хуманистичко,
    - ➢ природно - математичко,
    - ➢ јазично - уметничко подрачје и
2. **стручно образование**, економско-правна и трговска струка со профилите:
    - ✓ економски техничар
    - ✓ банкарски техничар.

Во Училиштето има вкупно 45 паралелки распоредени во:

- Прва година - 7 паралелки гимназиско образование, 3 паралелки економски техничар и 1 паралелка банкарски техничар,
- Втора година - 7 паралелки гимназиско образование, 3 екомомски техничар и 1 паралелка банкарски техничар,
- Трета година - 7 паралелки гимназиско образование: две Природно мат. подрачје А, една Природно мат. подрачје А и Б, една Опш. хуманист. подрачје А, една Опш. хуманист. подрачје Б, една Јазично умет. подрачје А, една Јазично умет. подрачје Б; 3 економски техничар и 1 паралелка банкарски техничар,
- Четврта година – 7 паралелки гимназиско образование: две Природно мат. подрачје А, една Природно мат. подрачје А и Б, една Опш. хуманист. подрачје А, две Опш. хуманист. подрачје Б, една Јазично умет. подрачје А, една Јазично умет. подрачје Б; 3 економски техничар и 1 паралелка банкарски техничар.

**Идентификациони податоци**

СОУ „Јане Сандански“ - Струмица
ул: „Моша Пијаде“ бр.2
Тел:  034-326-317
Факс: 034-326-317
www. **jsandanski**.schools.edu.mk
e-mail: sandanski_jane@yahoo.com

# Со што е опремено СОУ „Јане Сандански“?





| Р. бр. | Вид простории | број |
|---|---|---|
| 1 | Училници | 23 |
| 2 | Кабинети | 21 |
| 3 | Фискултурна сала | 1 |
| 4 | Библиотека со читална | 1 |
| 5 | Наставничка канцеларија | 1 |
| 6 | Канцеларии за администратитво раководен кадар | 4 |
| 7 | Просторија за психолошко-педагошка служба | 1 |
| 8 | Просторија за дефектолог | 1 |
| 9 | Помошни простории | 3 |
| 10 | Кариерен центар | 1 |
| 11 | Кариерно советување | 1 |
| 12 | Сала за состаноци | 1 |
| 13 | Магацински простор | 2 |
| 14 | Работилница | 1 |
| 15 | Котлара | 1 |
| 16 | ЈС Банка | 1 |
| 17 | Простор за младинска канцеларија | 1 |



Библиотеката претставува вистински избор за вљубениците во пишаниот збор. Со својот богат фонд на книги е значаен сегмент од образовно - воспитниот процес. Од особена важност е функционирањето на читалната која е опремена со компјутери и интернет, а истата е прилагодена за примена на ИКТ во наставата.

Училишната библиотека располага со богат фонд книги: **29348**

| Р. бр. | Вид на литература | Вкупно книги |
|---|---|---|
| 1. | Белетристика | 26.040 |
| 2. | Списанија | 2.871 |

Во салата за состаноци е имплементирана нова современа технологија за е-учење во далечина, што отвара можност за остварување предавања, семинари, конференции, проекти со други образовни институции од земјата и од странство.

Во просториите на СОУ„Јане Сандански“ се отвори ЈС банка за пракса на учениците од економско-правна и трговска струка. Опремена е преку донација на банките во општина Струмица со технолошки средства, нов инвентар и други нови прегледни помагала. Во ЈС банката преку практична работа учениците имаат можност да ги применат и продлабочат своите знаења и вештини.

Гимназијата располага со спортска сала, опремена со сите потребни реквизити и справи за реализирање на сите видови на спорт, како и фитнес просторија. Постојат и две соблекувални за учениците (машка и женска). Спортската сала ја користат сите ученици (по смени), како и надворешни лица (со надомест). Во училишниот двор има повеќе спортски терени (игралишта) и тоа за ракомет, кошарка, фудбал. Останатиот дел од училиштниот двор е уреден со тревна површина, разни видови на дрвја и цвеќиња.

Заради потполна безбедност на учениците и наставниците, училиштето е целосно опремено со видео надзор.

| Р. бр. | ОПРЕМЕНОСТ СО НАСТАВНИ СРЕДСТВА И ТЕХНИЧКИ ПОМАГАЛА | број |
|---|---|---|
| 1. | Компјутери во 1 кабинет по информатика (поврзани со интернет врска) | 18 |
| 2. | Низ наставничката канцеларија, педагошко - психолошката служба, канцеларијата на директорот, административната канцеларија, кариерниот центар, кариерното советување, ЈС Банка | 19 |
| 3. | Лаптоп | 2 |
| 4. | Скенери | 3 |
| 5. | Телевизори | 14 |
| 6. | Дивиди плеери | 5 |
| 7. | Ласерски принтери | 5 |
| 8. | ЛЦД проектори | 2 |
| 9. | Училишни камери | 2 |
| 10. | Касетофони- CD плеери | 11 |
| 11. | Фотокопири комплетна опрема за печатарски услуги (сито техника) | 2 |
| 12. | Училиници опремени со компјутери | 22 |
| 13. | Лаптоп за секој наставник | 79 |
| 14. | Клавир | 1 |
| 15. | Ударни инструменти (тапани) | 5 |
| 16. | Дајре | 1 |
| 17. | Разглас | 1 |
| 18. | Звучници | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 19. | Сталки за звучници | 2 |
| 20. | Сталки за микрофон | 2 |
| 21. | Паноа за мобилни телефони | 45 |

Учениците на располагање имаат 10 санитарни јазли (машко и женско WC, простор со мијалник) распоредени на секој спрат. На секој од 3-те спрата пред училниците има соодветни холови, и секој спрат е поврзан со скали со што на учениците им е обезбедено функционално движење.

## Што е значајно за средното образование?

Во средното образование се остваруваат планови и програми за гимназиско и стручно образование.

Средното образование е задолжително за секој граѓанин, под еднакви услови утврдени со Законот за средното образование и е бесплатно.

Секој, под еднакви услови утврдени со Законот, има право на средно образование.

Не се дозволени дискриминации засновани на пол, раса, боја на кожата, национално и социјално потекло, политичко и верско уверување, имотната и општествената положба.

Во средното училиште е забрането секакво политичко и верско организирање и дејствување. Воспитно-образовната дејност во училиштето се изведува на македонски јазик со кирилско писмо.

## Кога започнува и колку трае учебната и наставната година?

Воспитно-образовната работа во училиштето се остварува во учебни години. Учебната година по правило започнува на 1 септември, а завршува на 31 август наредната година и истата се организира во согласност со Календарот за организација на учебната година, донесен од Министерот.

Наставната година започнува на 1 септември и завршува на 10 јуни наредната година, освен во последната година (IV) од гимназиското и стручното образо-вание каде редовната настава завршува на 20 мај.

Наставната година ја сочинуваат две полугодија – I и II полугодие. Согласно Календарот за работа за учебната година, првото полугодие започнува на 1 септември и завршува на 30 декември истата година. Второто полугодие започнува при крајот на Јануари и завршува на 10 јуни. Во текот на учебната година учениците користат зимски и летен одмор. Зимскиот одмор започнува на 31 декември, а Летниот одмор започнува на 11 јуни и завршува на 31 август.

Екстерното проверување се врши на крајот од наставната година, освен за учениците од завршната година на средното образование, за кои екстерното проверување се врши по завршувањето на првото полугодие, најдоцна до крајот на февруари.

Училиштето е должно да го оствари годишниот фонд на наставни часови утврдени со плановите и програмите.

Наставата се остварува во траење од најмалку 180 наставни дена, освен за учениците од последната завршна година (IV) која се остварува во траење од најмалку 166 наставни дена.

## Што е значајно за воспитно-образовната работа на училиштето?

Работата на училиштето во текот на учебната година се уредува со Годишна програма.

За поуспешно остварување на воспитно-образовната дејност, училиштето соработува со родителите на учениците, а истата се одвива преку индивидуални родителски средби, групни средби, родителски состаноци, отворени денови за родители (истакнати на огласна табла), приемни денови определени од наставниците и истакнати на огласната табла во училиштето, Одборите на родители и Советот на родители.

Во наставата се употребуваат учебници одобрени од Министерството за образование и наука.

Работата во училиштето се одвива по однапред изготвен куќен ред (Правилник) кој го утврдува училишниот одбор на училиштето.

## Што е наставен план, а што наставна програма?

Наставниот план е училишен документ во кој во форма на табела се прикажани: наставните предмети по години и неделниот и годишниот фонд на часови.

Наставната програма е училишен документ со кој се утврдуваат целите, наставните подрачја, теми и содржини, образовните стандарди како и профилот на наставникот кој ја реализира наставната програма.

Плановите и програмите ги изработува Бирото за развој на образованието, а ги донесува Министерот.

Наставните планови за гимназиско и стручно образование се составени од три содржински компоненти: Задолжителни предмети, Изборни предмети и Проектни активности, односно Слободни часови кај стручното образование.

## Што претставува наставата и какви видови настава постојат?

Наставата претставува најорганизиран облик на воспитно-образовна дејност, преку која се остваруваат, во најголем дел, целите и задачите на воспитанието. Таа е планиран и сложен процес.

Воспитно-образовната работа во училиштето опфаќа: задолжителна или редовна настава, изборна настава, практична настава, додатна настава, дополнителна настава, проектни активности/слободни часови, слободни ученички активности.

Во училиштето наставата не се изведува за време на ученичките одмори, денот на училиштето (Патрониот празник), на државните и верски празници утврдени со закон, Денот на дрвото и Денот на екологијата. На овие денови во училиштето се организираат културни, спортски и други манифестации.

Наставниот час во училиштето трае 45 минути, а часот по практична настава и вежби во претпријатијата, установи и дуќани, по правило, трае 60 минути.

Наставата во училиштето се изведува на македонски јазик, а се изучуваат следните странски јазици: англиски јазик, француски јазик, германски јазик, италијански јазик.

## Што се тоа задолжителни предмети?

Задолжителните предмети се заеднички и задолжителни за сите ученици во гимназиското и стручното образование. Во I година гимназиско и стручно образование има 13 наставни предмети; во II гимназиско образование има 10 наставни предмети, а 12 наставни предмети во стручно; во III година гимназиско образование 8, а 13 во стручно; а во IV година гимназиско образование има 6 задолжителни наставни предмети, а 14 наставни предмети во стручно. Овие задолжителни предмети опфаќаат содржини од современото општо образование.

## Што претставуваат изборните предмети?

Изборните предмети имаат функција на продлабочување и промовирање на знаењето на учениците.

Во прва година не постојат изборни предмети.

Во втора година гимназиско образование ученикот од листата на изборните предмети избира еден предмет според своите желби, интереси и способности (информатичка технологија, латински јазик, елементарна алгебра и геометрија, говорење и пишување и етика), а во стручното во втора година нема изборни предмети.

Во трета година гимназиско образование изборните предмети се групирани во 3 изборни подрачја: природно - математичко, општествено - хуманистичко, јазично - уметничко, а во стручното образование изборните предмети варираат во зависност од профилот (*економски техничар* - економија, деловно работење, математика, странски јазик, право; *банкарски техничар* - бизнис, банкарско работење, банкарски пресметки и операции, економија, математика, втор странски јазик).

## Која е функцијата на проектните активности, слободните часови?

Проектните активности, односно слободните часови, се посебно подрачје во Наставниот план, чија функција е задоволување на индивидуалните интереси и желби на учениците во одделни области. Тие се специфични и се разликуваат од наставните предмети поради што се реализираат во рамките на годишниот фонд на часови (со по 70 часа) од



I до IV година, по слободен избор, освен Иновации и претприемништво, што се задолжителни за сите ученици во гимназиското образование од I до IV година. Овие активности се реализираат во текот на целата наставна година, а кај нас се реализираат во следниве области: Урбана култура, Граѓанска култура (само за трета и четврта година), Хор, Оркестар, Љубители на музиката, Музичко-новинарски клуб, Фолклорен клуб, Литературни клубови, Дебатни клубови, Драмска секција, Новинарски клуб, Физика, Математика, Биологија, Географија, Унапредување на здравјето, Лица со специјални потреби, Фитнес, Аеробик, Пливање, Велосипедизам, Пинг-понг, Планирање на кариера.

Во рамки на слободните часови на училиштето, учениците од економско правната и трговска струка се одлучуваат за слободни часови од следниве подрачја: Претприемништво и бизнис, Подготовка за вработување и работа, Планирање на кариера, Учење преку работа, Географија, Математика.

Целта на проектните активности е да се обезбеди активен однос на учениците во процесот на нивната реализација. Да се поттикне креативноста на учениците, а со тоа да дојдат до израз нивните афинитети и индивидуални способности. Тие не се предвидени како часови во редовниот распоред. Се организираат во текот на работните денови во неделата во време прифатливо за учениците.

## Што претставува дополнителната настава?

Дополнителната настава ги задоволува потребите на оние ученици кои имаат потешкотии во совладувањето на редовната настава по еден или по повеќе наставни предмети. Поточно, таа е наменета за послабите ученици. Она што ќе се работи на часовите од дополнителната настава е конкретно условено од потребите кои ги покажуваат учениците со потешкотии во учењето. За учениците кои од одредени причини заостануваат во совладувањето на наставниот материјал, ќе се организира дополнителна настава.

## Што претставува додатната настава?



Додатна настава се организира за учениците кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети (талентирани ученици). Ваквата настава е во функција на развивање на индивидуални потенцијали, способности и постигања кај учениците.
Додатната настава за учениците, наставникот е должен да им ја понуди на учениците, а учениците одлучуваат дали ќе ја посетуваат додатната настава.

## Што е Државна матура и завршен испит?

Почнувајќи од учебната 2007/08 година, гимназиското образование се заокружува со државна матура или училишна матура, четиригодишното стручно

образование со државна матура или со завршен испит. Воведувањето на вакви испити во средното образование има за цел да го зголеми кредибилитетот на дипломите за завршено средно образование, а воедно и да ја потврдат оспособеноста на ученикот за самостојно продолжување на личниот и професионалниот живот.

Матурата и завршниот испит го полагаат учениците кои со успех ја совладале програмата за четиригодишното образование. Начинот и организацијата на истите е регулиран со посебен Правилник пропишан од Министерот за образование и наука.

Учениците во гимназиското образование полагаат:

**Екстерно:** еден задолжителен наставен предмет: македонски јазик и литература, албански јазик и литература или турски јазик и литература; еден изборен наставен предмет: математика или странски јазик; еден општо образовен предмет од листа на наставни предмети за полагање на државна матура

**Интерно:** еден изборен наставен предмет од листата на наставни предмети за полагање на државна матура.

Учениците во средното стручно образование полагаат:

**Екстерно:** еден задолжителен наставен предмет: македонски јазик и литература, албански јазик и литература или турски јазик и литература; еден изборен наставен предмет: математика или странски јазик; еден општо образовен предмет од листа на наставни предмети за полагање на државна матура

**Интерно:** еден изборен стручен наставен предмет од листата на наставни предмети за четвртиот предмет од изборниот дел на државната матура во стручното образование.

Сите ученици изработуваат и ја презентираат Проектната задача.

## Како се грижиме за заштита и унапредување на здравјето и културата на живеењето на учениците?

Грижата за здравјето на учениците претставува перманентен процес во кој се вклучени наставниците, учениците, стручните соработници, лекарите од Здравствен дом - Струмица.

ХИГИЕНА ВО УЧИЛИШТЕТО: За хигиената во училиштето се задолжени вработените хигиеничари и дежурните наставници. Освен персоналот за хигиената се задолжени и учениците во своите училници и во училишната зграда.

ВАКЦИНИРАЊЕ: Предвидено е за учениците од I-ва и IV-та година и периодот за тоа е во договор со Медицински центар од Струмица. Покрај вакцинирањето, секоја година се спроведуваат систематски и стоматолошки прегледи за учениците од прва до четврта година, како и за вработените во училиштето.

ЕДУКАЦИЈА: Се планираат едукативни предавања за сите ученици од областа на:

- здрава исхрана (месечно подготвување штандови со здрава храна – здрав појадок/ужина од страна на учениците по години)
- заштита од болести на зависности, заштита од полово преносливи болести, несакана бременост

Покрај предавањата, се организираат и дискусии, работилници, ликовни изложби, трибини од областа за унапредување на здравјето.

## Што се тоа слободни ученички активности?



Слободните ученички активности се организираат за развивање на самостојност во работата и задоволување на желбите и интересите на учениците од областа на науката, техниката, креативноста, културата, физичката и музичката култура. За таа цел, беше формирана и секцијата „Креативно ќоше".

## Постојат ли ученички екскурзии?

Една од формите на воспитно-образовната работа со која се настојува учениците да се запознаат со одредени области од животот и работата на луѓето, со природните убавини, културно-историските знаменитости, претставува екскурзијата. Во училиштето се организираат еднодневни и повеќедневни екскурзии од воспитно-образовен и рекреативен карактер, со однапред доставена програма. Носители на екскурзиите од воспитно-образовен карактер се соодветните предметни наставници, планирани во нивните годишни распределенија, а на рекреативно-воспитните екскурзии (есенски, зимски и пролетен ден), носители се наставниците по спорт и спортски активности.

Со учениците од трета година секоја година се планира и реализира повеќедневна и научно-рекреативна екскурзија надвор од државата, за која се изготвува програма.

## Дали гимназијата има Училишна заедница?

Значаен сегмент во организацијата на животот и работата во училиштето претставуваат заедниците на учениците. Преку нив учениците сами или заедно со наставниците се договараат и заземаат ставови за сите прашања што се во врска со нивните животни и работни услови во училиштето и надвор од него.

Во училиштето учениците се организирани во ученички заедници на паралелките и други ученички заедници.

Сите ученички заедници на паралелките имат свое раководство составено од:

- ✓ Претседател на паралелката;
- ✓ потпретседател на паралелката;
- ✓ благајник;
- ✓ 2 членови.

Работата на ученичките заедници на паралелките ја помагаат класните раководители.

Други ученички заедници кои функционираат во СОУ „Јане Сандански" се:

- Младинска канцеларија;
- МАССУМ;
- Кариерен центар;

- Кариерно советување,
- во подготовка е формирање Совет на ученици, како посебна форма на ученичка заедница со Претседател на сите ученици во училиштето.

За секоја од овие ученички заедници има одговорен професор/и.

## Каков е распоредот на часови во претпладневната и попладневната смена?

- Со оглед на расположивиот училнички (кабинетски) простор и бројот на учениците, наставата се одвива во две смени и вообичаено се комбинираат I и III, II и IV година, а се менуваат на секои 2 недели.
- Наставното време во првата смена започнува во 7:30 часот, а за втората во 13:30 часот со времетраење на наставниот час од 45 минути. Распоредот на наставното време е даден со следниот преглед:

**Предпладне**

| ПОНЕДЕЛНИК - ПЕТОК | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | 7 : 30 | - | 8 : 15 |
| 2 | 8 : 20 | - | 9 : 05 |
| 3 | 9 : 20 | - | 10 : 05 |
| 4 | 10 : 10 | - | 10 :55 |
| 5 | 11 : 00 | - | 11 : 45 |
| 6 | 11 : 50 | - | 12 : 35 |
| 7 | 12 : 40 | - | 13 : 25 |

**Попладне**

| ПОНЕДЕЛНИК - ПЕТОК | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | 13 : 30 | - | 14 : 15 |
| 2 | 14 : 20 | - | 15 : 05 |
| 3 | 15 : 20 | - | 16 : 05 |
| 4 | 16 : 10 | - | 16 : 55 |
| 5 | 17 : 00 | - | 17 : 45 |
| 6 | 17 : 50 | - | 18 : 35 |
| 7 | 18 : 40 | - | 19 : 25 |

## Што е важно за учениците?

Во училиштето се запишуваат редовни и вонредни ученици кои завршиле основно образование.

Во гимназиското и стручното образование во втора, трета и четврта година можат да се запишат и вонредни ученици од оправдани причини утврдени во Статутот на училиштето.

По завршување на последната година на образование учениците полагаат државна матура или училишна матура.

Воспитно-образовната дејност се изведува во паралелки, групи и индивидуално. Бројот на учениците во паралелките не може да биде помал од 25 и поголем од 34 ученици, освен поради оправдани причини со дозвола од Министерството за образование и наука.

Статус на редовен или вонреден ученик се стекнува со запишување во училиштето. Вонредни ученици се лица кои образованието го стекнуваат со самообразование, по пат на полагање на испити за одреден план и програма. Како вонреден ученик може да се запише лице кое исполнува еден од следниве

услови: да е постар од 17 години, да е на боледување подолг период, да е во работен однос, да го изгубил статусот на редовен ученик по било кој основ.

Запишувањето на редовни ученици се врши по пат на конкурс, кој го објавува Министерството во средствата за јавно информирање, најдоцна до 31 март, по претходно доставени предлози од општината.

Предлог план за запишување на ученици во прва година донесува Наставничкиот совет на училиштето.

Запишувањето на учениците во втора, трета и четврта година на образование се врши со одлука на Наставничкиот совет на училиштето.

Статусот на редовен ученик во училиштето престанува ако ученикот: го завршил средното образование, не се запише во роковите утврдени со конкурсот, се испише, е на издржување казна затвор во траење подолго од 6 месеци, два пати повторува во текот на средното образование, се отстрани од училиштето, неоправдано не ја посетува наставата континуирано 25 наставни дена во текот на наставната година.

Со измените во Законот за средно образование, учениците се запишуваат без партиципација. На учениците со место на живеење надвор од градот Струмица, им се обезбедуваат бесплатни автобуски билети, како и сместување во средношколски дом.

## Што се оценува и како се оценува?

Учениците се оценуваат по наставните предмети што ги изучуваат со оценките: одличен (5), многу добар (4), добар (3), доволен (2) и недоволен (1). Сите оценки се преодни освен оценката недоволен (1).

Следењето и вреднувањето на напредокот и постигнувањето на ученикот може да се врши со интерно и екстерно проверување и оценување.

Интерното проверување и оценување го вршат наставниците во училиштето, а екстерното го врши Бирото за развој на образованието и училиштето.

Наставникот во наставата го оценува ученикот за: нивото на усвоеност на содржините, нивото на стекнати вештини за примена на знаењата, нивото на развиеност на способностите за размислување и формирање на општи ставови.

За оценување на учениците се користат креативни техники во училница: усни проверувања, усни одговори, усни презентации, дебати, дискусии, писмено проверување, неформални и стандардизирани тестови, писмени вежби, писмени работи, есеи, проверување на практични, графички и истражувачки работи, лабораториски вежби, практична настава, проекти, ликовни изработки и многу други.

## Како се утврдува општиот успех на ученикот?

Општиот успех на учениците се утврдува врз основа на годишните оценки од сите задолжителни и изборни предмети на крајот на годината, а за учениците упатени на поправен испит или испит на годината, по завршување на испитните рокови.

Општиот успех на ученикот на крајот на учебната година го утврдува Советот на паралелката, а со резултатите се запознава Наставничкиот совет на училиштето.

Општиот успех на ученикот се утврдува со средна оценка која претставува аритметичка средина од позитивните оценки по задолжителните и изборните предмети.

Во средното училиште во текот на наставната година учениците се оценуваат најмалку двапати во едно полугодие.

Какви испити може да полагаат учениците?

Во средното училиште учениците полагаат поправни испити, испити на годината, дополнителни испити, испити за вонредните ученици, испити за побрзо напредување и испити за полагање матурски и завршни испити.

Поправни испити полагаат учениците кои на крајот на годината имаат негативни оценки до два наставни предмети. Поправните испити учениците ги полагаат во два испитни рока: јуни и август.

Испитите на годината по одделни предмети учениците ги полагаат во два испитни рока: јуни и август.

Дополнителните испити учениците ги полагаат при премин од еден во друг вид на програми за средно образование во три испитни рока: август, септември и октомври, а најдоцна до крајот на првото полугодие. Учениците во еден ден можат да полагаат само по еден предмет од дополнителните испити.

Испитите за вонредните ученици, се полагаат најмалку во шест испитни рока: јуни, август, октомври, декември, февруари и април. Вонредниот ученик во еден испитен рок може да пријави за полагање најмногу три предмети. Во еден ден ученикот може да полага еден предмет.

Испитите по факултативните програми учениците ги полагаат во два испитни рока: јуни и август.

Испитите се изведуваат пред испитна комисија именувана од директорот на училиштето и истата е составена од три члена.

Испитите се полагаат писмено или писмено и усно, односно само писмено или усно. Писмен дел се полага по сите предмети за кои со програмата е пропишано да се работат писмени работи. Писмениот дел од испитот трае два наставни часа. Усниот дел од испитот се полага на прашања со извлекување на три прашања подготвени на посебни ливчиња (комбинации).

Резултатот од полагањето на испитот се соопштува истиот ден или најдоцна наредниот ден по испитот.

## Што можете да направите доколку не сте задоволни од оценката по некој наставен предмет?

Ако ученикот не е задоволен со некои од годишните оценки што му се соопштени, во рок од три дена од соопштувањето има право да поднесе приговор до Наставничкиот совет во училиштето. Наставничкиот совет ќе одлучи дали оценката ќе остане иста, ќе ја измени или ќе организира полагање пред испитна комисија.

Учениците кои по завршувањето на учебната година имаат 3 и повеќе негативни оценки не ја завршуваат годината.

Годината не ја завршуваат и учениците кои на поправниот испит во вториот испитен рок добиле негативна оценка или неоправдано не се јавиле на поправниот испит. Тие ученици имаат право повторно да се запишат во истата година.
Ученикот може да повторува два пати во текот на средното образование.

Ученикот кој во последната година од образованието, на крајот од учебната година има најмногу 2 негативни оценки, може да ги полага поправните испити и по вториот испитен рок како вонреден ученик.

Ученикот кој по завршувањето на годината има по две негативни оценки се упатува на поправен испит.

## Какво може да биде поведението на учениците?

Поведението на учениците се оценува како примерно, добро и незадоволително.
Добро поведение имаат учениците кои имаат направено од 11-20 неоправдани изостаноци или имаат од 3 до 5 негативни оценки за време на првото полугодие.
Незадоволително поведение имаат учениците кои имаат направено над 20 неоправдани изостаноци или имаат над 5 негативни оценки за време на првото полугодие.
Телесно казнување и психичко малтретирање на ученикот е забрането.

## Дали ученикот може побрзо да напредува?

Ученикот кој во текот на образованието се истакнува со способности, знаења и работни навики и има одличен успех, може побрзо да напредува, односно, да заврши две години во текот на една учебна година.

Завршувањето на годината на образование се остварува по пат на полагање испити. Овие испити учениците ги полагаат, по правило, само еднаш во три испитни рока: април, јуни и август.

## Дали постојат пофалби и награди?

Учениците кои се истакнуваат со својата работа и поведение во училиштето, можат да бидат пофалувани, односно наградувани.

Учениците што постигнуваат одредени резултати на натпревари и други манифестации како награда добиваат еднодневни екскурзии, посета на културни манифестации, уметничка или научна литература и сл. Сето ова ќе придонесе за подобрување на успехот, поведението и редовноста на учениците.

## Што е тоа педагошка мерка?

Педагошка мерка е активност што се презема кон учениците кои ги прекршуваат правилата на училишниот живот, а со цел да се постигне чувство на одговорност и спречување на негативни појави. Педагошката мерка се

применува индивидуално и се темели на објективност, одмереност, праведност и педагошка одговорност.

Заради повреда на должностите и неисполнување на обврските за ученикот може да се применат педагошки мерки: писмена опомена, опомена пред отстранување и отстранување од училиштето.

Писмената опомена на ученикот ја изрекува раководителот на паралелката, Наставничкиот совет на паралелката или директорот.

Педагошката мерка Опомена пред отстранување и отстранување на ученикот од училиште ја изрекува Наставничкиот совет на училиштето.

Предлогот за поведување постапка за изрекување на педагошка мерка може да поднесе раководителот на паралелката, наставник или друго лице кое работи во училиштето, родител или ученик. Постапката за изрекување педагошки мерки ја води раководителот на паралелката во соработка и помош на стручните соработници.

## Што треба да се направи со изостаноците?

Секој изостанок од настава или друга ученичка активност, ученикот мора да го оправда. Оправдувањето може да го даде родителот, односно старателот или лекарот. Родителите се должни при секое изостанување на ученикот да го известат раководителот на паралелката истиот ден, а по завршувањето на известувањето во рок од 3 дена до раководителот на паралелката да достават писмен документ за изостанувањето.

Според измените во Законот во средно образование за подобрување на редовноста на учениците е воведено и советување на родители за ученици кои покажале нередовност т.е. имаат повеќе од 10 неоправдани изостаноци или повеќе од 100 оправдани изостаноци.

Советувањето на родителите го врши психологот на училиштето.

## Која е улогата на наставниот кадар и стручните соработници?

Воспитно-образовната работа во СОУ „Јане Сандански“ ја остваруваат предметни наставници, стручни соработници: психолог, педагог и дефектолог, и библиотекар. Стручната служба допринесува за подигање на квалитетот во наставата, како и во надминување на најразлични проблеми во наставата, а и надвор од неа.

## Што претставува педагошката евиденција и документација?

Педагошката евиденција и документација се води и издава на македонски јазик со употреба на кирилското писмо. Педагошката евиденција во училиштето опфаќа: дневник на паралелката; записници од испитите за државна матура, училишна матура и завршен испит; планирања и подготовка на воспитно-образовната работа; евидентни листови за успехот на учениците; главна книга на учениците; главна книга за државна матура; главна книга за училишна матура; главна книга на завршен испит; главна книга на завршен

испит со тригодишно траење; главна книга на меѓународна матура; главна книга на средно специјалистичко образование; диплома за положена државна матура; диплома за положена училишна матура; диплома за положен завршен испит; диплома за завршен испит со тригодишно траење; диплома за положена меѓународна матура; свидетелство; уверение за стручно оспособување; уверение за работно оспособување; ученичка книшка и преведница.

Дипломата, свидетелството, уверението за стручно оспособување, уверението за работно оспособување и преведниците се јавни исправи.

Јавните исправи се издаваат во еден примерок. Во случај издадената јавна исправа да се уништи или изгуби, училиштето издава втор примерок.

## Кој управува, а кој раководи со училиштето?

Орган на управување во СОУ „Јане Сандански“ Струмица е Училишниот одбор кој брои 12 члена.

Директорот е раководен орган и е одговорен за законитоста на работата и за материјално-финансиското работење на училиштето.

## Кои се стручни органи и тела?

Стручни органи и тела на СОУ „Јане Сандански“ Струмица се: Наставнички совет кој го сочинуваат наставниците и стручните соработници во училиштето, Советот на годината, односно Совет на струката, кој го сочинуваат наставниците кои изведуваат настава во таа година односно струка и стручните соработници во училиштето, Совет на паралелката кој го сочинуваат наставниците кои изведуваат настава на таа паралелка и стручните соработници, Раководител на паралелката и Стручни активи на наставници во одредени области.

Во училиштето се избира Совет на родители кој го сочинуваат претставници на родителите на учениците кои не се вработени во училиштето. Советот на родители брои 4 членови и тоа по 1 член од советот на годините за I, II, III, и IV година.

На родителската средба во секоја паралелка се избира одбор на родители од 3 членови од кои еден е претседател. Претседателите на одборите на паралелките се членови на советите на родители на годините.

Стручен надзор во училиштето врши Бирото за развој на образованието на начин утврден со закон. Училиштето е должно да овозможи непречено вршење на стручниот надзор и увид во педагошката документација што се води во училиштето.

За извршување на законите и другите прописи од областа на средното образование, во училиштето се врши инспекциски надзор. Инспекцискиот надзор го врши Државниот просветен инспекторат на начин утврден со закон.

## Кој и какви информации може да ми даде за училиштето и за моето дете во него?

Информации за училиштето (од организациско-технички аспект) можат да Ви дадат: директорот, замениците (помошниците) на директорот, стручните соработници, предметните наставници, секретарот на училиштето.

